**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО**
**Су-04 број 39/19**
**30.12.2019 година**
**Неготино**

Претседателот на Основен суд Неготино Билјана Толова, врз основа на член 39 и 88 од Законот за судовите, а согласно член 112 став 1 од Судскиот Деловник, по одржаната седница на судии на ден 25/12/2019 година, на ден 30/12/2019 година го донесе следниот

# Распоред за работа на Претседателот на судот и судиите во Основен суд Неготино за 2020 година

**1. Претседателот на судот Билјана Толова** ќе го преставува судот, ќе ја организира работата на судот и ќе презема мерки заради навремено и уредно вршење на работата и ќе постапува:

- по парнични предмети од уписник „П-2";
- како Претседател на Кривичен совет за предметите во кои постапувала судија Александра Поп Стефанија;
- по предмети од судска управа (уписници „Су", „Су-01", „Су-02", „Су-03", „Су-04", „Су-05", „Су-06", „Су-ИЗЗ", „Су-дов", „Су-стр дов");
- по предмети од уписник „УПП" (поплаки и преставки);
- по предмети од уписник „Зав-х";
- по предмети од уписник „Прк-р" (по барања за издавање потврди од судска евиденција) и предмети од уписник „Кр";
- како Претседател на совет во прекршочни предмети за кои се одлучува во совет.

**2. Судија Александра Поп Стефанија ќе постапува**:
- како Заменик на Претседателот на судот;
- како Претседател на кривичен совет;
- по сите прекршочни предмети;
- по замолници од прекршочна материја;
- по предмети за извршување на кривични санкции;
- по предмети за извршување на прекршочни санкции,
- како дежурен судија по предмети од кривична, прекршочна област и граѓанска област и
-во предметите од пасивната архива од областа на извршувањето на кривичните и прекршочните санкции.

**3. Судија Ацо Анѓелковски ќе постапува**:
- по парничните предмети од уписниците „П-1", „П-3", „П-4", „П-5" и „Малв.П";
- по работни спорови од уписник „РО";
- по граѓански замолници;
- по платни налози и приговори против платни налози (уписник „Пл."и „Пл.П-1")-
- по оставински предмети (уписник „О" и „О-1");
- по вонпарнични предмети (уписници „ВПП", „ВПП-1", „ВПП-2" и „РВПП");
- по други парнични и вонпарнични предмети (уписници: „Зав", „РП", „ОДС", „ПОМ", „ПИ", „ПСО" и др.);
- како член на кривичен совет;
- судија известител при водење на посебни кривични постапки;
- како судија на предходна постапка по сите предмети од кривична област;
- по приговори против сторени неправилности при спроведување на извршувањето и по барања за издавање дозвола за извршување;
- по пасивна архива од извршни предмети по кои постапувал како извршен судија и по предметите од пасивна архива од извршен судија Владанка Ристова (уписник „И") и
- како дежурен судија по предмети од кривична, прекршочна област и граѓанска област.

4. **Судија Лазар Ризов ќе постапува :**
- по парнични предмети „П-1", „П-3", „П-4", „П-5" и „Малв.П";
- по работни спорови од уписник „РО";
- по граѓански замолници;
- по платни налози и приговори против платни налози (уписник „Пл." „Пл.П-1");
- по оставински предмети (уписник „О" и „О-1");
- по вонпарнични предмети (уписници „ВПП", „ВПП-1", „ВПП-2" и „РВПП");
- по други вонпарнични предмети („Зав", „РП",„ОДС", „ПОМ", „ПИ", „ПСО" и др.);
- како член на кривичен совет;
- судија известител при водење на посебни кривични постапки;
- по пасивна архива од извршни предмети по кои постапувал како извршен судија (уписник „И") и
- како дежурен судија по предмети од кривична, прекршочна област и граѓанска област.

5. **Судија Розеана Ѓорѓиева ќе постапува :**
- како член на кривичен совет;
- по сите кривични предмети за полнолетни лица, како и по повторно заведени кривични предмети;
- по замолници од кривична материја („Зам.К.") и
- како дежурен судија по предмети од кривична, прекршочна област и граѓанска обаст.

6. Судскиот соработник Марија Лазова Ѓорчева се распоредува да работи со судиите кои постапуваат по предмети од граѓанскиот и кривичниот оддел, а предвид обемот на работа на судијата, како и за одговорно лице за односи со јавноста.

7. Распоредот за работа на судиите и Претседателот на судот започнува да се

применува од 01.01.2020 година.

**8.** Примерок од Распоредот за работа на судиите и Претседателот на судот за 2020-та година да се достави до судиите, судскиот соработник, водители на писарница и информатичарот за негово спроведување во АКМИС.

**О б р а з л о ж е н и е**

Претседателот на судот, врз основа на член 39 и член 88 од Законот за судовите в.в. член 112 од Судскиот деловник, по одржаната седница на судии на ден 25/12/2019 година и доставените мислења од судиите, го донесе Распоредот на работа на Претседателот на судот и судиите за 2020 година во Основен суд Неготино.

При изготвување на Распоредот за 2020 годиона, Претседателот на судот ги имаше во предвид прибавените мислења од судиите, па во делот од дадените мислења кој се однесува на постапување по судија во една правна област, оцени дека не постои можност за поделба на работата во специјализирани судски оддели, со оглед на тоа што Основниот суд Неготино е суд со пет судии, а предвид потребите од постапувања во различни правни области на различни судии, Распоредот за работа го направи на начин што дел од судиите ќе постапуваат во различни правни области, што е и досегашниот начин на работење на овој суд.

Исто така, Претседателот на судот ги ценеше и изјавите на судиите Лазар Ризов и Розеана Ѓорѓиева, кои изјавуваат дека не можат да дежураат поради нарушена здравствена состојба, како и изјавата на судија Ацо Анѓелковски, кој исто така, не прифаќа да биде дежурен судија, како и нивните наводите дека би биле согласни да дежураат доколку дежураат сите пет судии од овој суд, па во смисла на член 114 став 3 и член 116 став 1 и став 2 алинеја 2 од Судскиот деловник, го оцени следното:

Во Основен суд Неготино има пет судии заедно со Претседателот на судот. Како суд со основна надлежност, дежурството се извршува на повик. Согласно овој распоред, дежурството е распоредено на четири судии, со што дежураат сите судии освен судијата кој ја врши функцијата Претседател на судот. Со ваквиот распоред, секој судија дежура една работна недела во месецот. Претседателот на судот го имаше предвид и малиот обем на предметите по кои се постапува за време на дежурство, кој според податоците од АКМИС, во текот на 2019 година е вкупно 7 предмети по кои постапувал судија како дежурен судија по 15,30 часот.

Претседателот на судот ги имаше предвид и наводите на судија Лазар Ризов и судија Розеана Ѓорѓиева дека имаат нарушена здравствена состојба, но предвид извештаите од редовниот систематски преглед (број 736-8/19 и број 750-22/19, двата од 10/12/2019 година), судиите се оценети како работоспособни за работи на работно место судија. Предметите на дежурство се итни предмети по кои се постапува во време кога судот не работи, а се од иста правна природа како и итните предмети по кои се постапува во работно време.

Предвид сите погореобразложени околности, Претседателот на судот,

одлучи да дежураат сите судии освен судијата кој е Претседател на судот.

Согласно член 88 став 4 од Законот за судиите, а предвид оцените и најголемиот број на бодови од последното оценување по судија, за судија кој ќе го заменува Претседателот на судот ја определи судија Александра Поп Стефанија, како судија со најголем број на бодови.

Основен суд Неготино, 30/12/2020 година.

**Претседател на судот,**
Билјана Толева

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа измена на Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите во Основен суд Неготино дозволен е приговор во рок од 8 дена од денот на приемот преку овој суд до општата седница на Врховниот суд на РСМ.